**Известување за концентрација со која Карр Холдингс Лимитед, Кипар и физички лица од Романија, ќе стекнат заедничка контрола над Глобал Техникал Сервицес СРЛ, Глобал Техникал Системс СРЛ, Глобал Оперејшн Центер СРЛ и ГТС Глобал Интелиџенс СРЛ сите од Романија**

**(предмет бр. 08-68/2019)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 01.08.2019 година, а дополнето на 12.08.2019 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнувањето на заедничка контрола од страна на Карр Холдингс Лимитед (CarrHoldingsLimited), друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште на Продомоу и Димитракопоулоу, 2, 1090 Никозија, Кипар, физичкото лице Ф. Р. од Романија и физичкото лице  М.С од Романија, над следните претпријатија:

- Глобал Техникал Сервицес СРЛ (Global Technical Services SRL) друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште на 26 Фрунзеи улица, 1ви спрат, Дистрикт 2, Букурешт, Романија;
- Глобал Техникал Системс СРЛ (Global Technical Systems SRL), друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште на 26 Фрунзеи улица, 4ти спрат (Корп А), и 5ти спрат, Дистрикт 2, Букурешт, Романија;
- Глобал Оперејшн Центер СРЛ (Global Operation Center SRL), друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште на 26 Фрунзеи улица, 1ви спрат, соба бр. 2, Дистрикт 2, Букурешт, Романија и
- ГТС Глобал Интелиџенс СРЛ (GTS Global Intelligence SRL), друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште на 26 Фрунзеи улица, 1ви спрат, соба бр. 1, Дистрикт 2, Букурешт, Романија

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Карр Холдингс** е холдинг компанија која припаѓа на Абрис Групата. Абрис Групата се состои од приватни инвестициски фондови (equityfunds) и портфолио друштва кои се активни во повеќе сектори. Абрис Групата е присутна на пазарот во Република Северна Македонија директно - преку друштвото ГРИНТЕХ МК ДОО Скопје, со регистрирано седиште на улица „852" бр.62, Скопје со регистрирана приоритетна дејност обновување на посебно издвоени материјали и индиректно - преку продажби во Република Северна Македонија од страна на нејзини друштва со седишта надвор од државата.

Физичките лица Ф. Р. и  М.С од Романија немаат деловни активности во Република Северна Македонија.

***Глобал Техникал Системс СРЛ***, е дизајнер на решенија во електриката на принципот клуч-на-рака, способен за дизајнирање, инсталација и интеграција на целосен обем на електрични системи, системи за управување со изградба и ИТ и Ц (IT&C) системи (низок напон, резервно напојување и УПС, БМС) за станбени, деловни, индустриски згради и центри за чување на податоци.

Глобал ТехникалСистемс е технолошки интегратор специјализиран за:

- Технологии за градба (на анг. *Building Technologies*);
- ИТ и центри за чување на податоци (на анг.*IT & Data Center*);
- Управување со објекти (на анг.*FacilityManagement*).

***Глобал Техникал Сервицес СРЛ*** е една од главните романски компании за техничко одржување која цели да обезбеди достапност на услуги од висок квалитет и оптимизација на трошоци за своите клиенти, фокусирана на доставување на целосни решенија за безбедносни системи, управување со објекти и администрирање на згради во однос на различни сегменти на активности во широк обем на индустрии. Глобал Техникал Сервицес е природна екстензија на деловниот потфат поради проширувањето на Глобал Техникал Системс. Специјализирани се за:

- Интеграција на безбедносни системи (на анг.*Security SystemsIntegration*);
- Техничко одржување на системи за безбедност и сигурност (на анг.*TechnicalMaintenanceforSafety& Security Systems*);
- Анализа на сигурноста и консалтинг (на анг.*Security Analysis&Consulting*).

***Глобал Интелиџенс СРЛ*** е со специјализација во развој, имплементација и одржување на софтверски пакети за управување со сигурноста (на анг. *securitymanagementsoftwarepackages*).

Нивниот најпознат производ ЦАВИ СМАРТ МОНИТОРИНГ (CAVI SMART MONITORING) е во потполност прилагодлива алатка за физичко обезбедување на управувањето со информации и управувањето со згради, адресирано за клиенти со широка географска мрежна организација (продавници/производствени погони/управни локации).

***Глобал Оперејшн Центер СРЛ*** **-** почнувајќи од оваа година во однос на специфичните барања на своите клиенти, земајќи ја долгогодишната експертиза во креирање на безбедносни диспечерски центри на компании на повеќе локации, Глобал Техникал Системс започна со креирање на Национален Оперативен Центар (НОЦ) (на англ. *NationalOperationsCenter*; NOC) кој ќе биде во можност да обезбеди 24/7 професионални услуги за надзор на безбедноста.

Наведените 4 претпријатија над кои се стекнува заедничка контрола ја сочинуваат Глобал Техникал Груп која пред концентрацијата е под заедничка контрола на Физичките лица Ф. Р. и М.С од Романија.

Глобал Техникал Груп воопшто не е присутна во Северна Македонија.

Релевантниот пазар на производи во врска со поднесената концентрација може да се дефинира како ***пазар за инсталација на електрична*** **опрема**.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

16.08.2019 година
Скопје